**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

Бр. 02-645/37
30.5.2023 година
Скопје

Врз на член 175, алинеја 10, членовите 180 и 181 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 425/2019) и глава Ѓ), точка 6 од Упатството за постапката за избор на ректор, Универзитетската изборна комисија на 10. седница одржана на 30.5.2023 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за утврдување на избран кандидат за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година**

1. Според доставените резултати од страна на изборните комисии (ИК), од спроведеното непосредно и тајно гласање на единиците во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година е избрана:
   - **проф. д-р Биљана Ангелова,** редовен професор на Економскиот институт во Скопје.

2. Записникот за резултатите од спроведеното гласање на единиците, за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2023 до 15 септември 2026 година, е составен дел на оваа Одлука.

3. Мандатот на ректорот од точка 1 на оваа Одлука трае 3 години, почнувајќи од 16 септември 2023 заклучно до 15 септември 2026 година.

4. Правата и обврските на ректорот се утврдени со Законот за високото образование, со Статутот и со другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

***Правна поука:*** Против оваа Одлука и Записникот од точка 2, незадоволните кандидати може да поднесат приговор до УИК во електронска форма на е-адресата: uik@ukim.edu.mk и во архивата на УКИМ од 31.5.2023 година до 5.6.2023 година, до 16:00 часот.

**Универзитетска изборна комисија**
**Претседател**
**Проф. д-р Родна Живковска**